[redacted]

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 12.02.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број: Numri: | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005- | 227/1 | | |

До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен -Скопје.**
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/ 01.02.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Да ми се достави копија од поднесеното на ден 25-01-2018г. до вас „Барање за повторување на постапката„ и копии од прилозите доставени кон истото. Копиите да бидат со потврда дека се верни на оригиналот односно како тие кои се во предметот.**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија** (со потврда дека е верна со оригиналот)
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- **а) по пошта** ( со препорачана пратка )
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател** на информацијата:
[redacted]
(странка во наведените предмети од кои се барат информациите)

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

**НАПОМЕНА:** Пратките да се доставуваат на следната адреса:
[redacted]

ПОДНОСИТЕЛ: [redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

27.02. 2020 одина

**Архивски број:** 1005-227/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен позитивно одговори на барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] цо број 1005-227/1.
2. Бараната информација ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Лицето [redacted] на ден 12.02.2020 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен достави Барање за пристап до информации од јавен карактер, кое во комисијата е заведено под број 1005-227/1.

Во барањето е наведено дека лицето [redacted] бара да му се достави копија од поднесеното Барање за повторување на постапката кое на ден 25.01.2018 година е поднесено до Државната комисија, како и копии од прилозите доставени кон истото. Притоа, се бара копиите да бидат со потврда дека се верни на оригиналот, односно како тие кои се во предметот. Во барањето е наведено дека формата во која се бара информацијата е фотокопија, а начинот на доставување на информацијата е по пошта ( со препорачана пратка).

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука позитивно да одговори на истото и да достави копија од поднесеното барање за повторување на постапката од 25.01.2018 година до Државната комисија, како и копии од прилозите доставени кон истото. Копиите од прилозите ќе бидат со потврда дека се верни на оригиналот, односно во конкретниот случај со тие кои се приложени во предметот. Бараната информација ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во самото барање за пристап до информации од јавен карактер, односно ќе биде доставено во фотокопија ( со потврда дека се верни на оригиналот, односно со тие кои се приложени во предметот), а начинот на доставување ќе биде преку пошта (со препорачана пратка)

При постапување по барањето, Државната комисија го имаше предвид и член 6 од законот каде се наведени исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова